**20130410954**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 28 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2013 година („Службен весник на Република Македонија” бр. 171/2012), член 7 став 3 и 4 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија” бр. 49/2010, 53/2011, 126/2012 и 15/2013), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија” бр. 24/2006, 88/2008, 31/2010, 36/2011 и 53/2011), член 12 од Законот за вино („Службен весник на Република Македонија” бр.50/2010, 53/2011 и 6/2012) и член 53 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија” бр.7/2008, 116/2010 и 23/2013), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.3.2013 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2013 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2013 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2013) во делот I табелата се менува и гласи:

| „Број на мерка | Мерки за поддршка на доходот на земјоделските стопанства | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Директни плаќања за растително производство | 1.760.000.000,00 |
| 2. | Директни плаќања за сточарско производство | 205.600.000,00 |
| | Мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделството (државна помош во земјоделството) | |
| 3. | Помош во премии и осигурување | 24.500.000,00 |
| 4. | Помош за заштита на земјоделското земјиште | 5.000.000,00 |
| 5. | Помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство | 150.000.000,00 |
| 6. | Помош во сточарскиот сектор | 10.000.000,00 |
| 7. | Помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани | 50.000.000,00 |
| 8. | Материјални трошоци за спроведување на Програмата | 15.000.000,00 |
| 9. | Пренесени обврски од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од претходните години | 4.664.900.000,00 |
| | **Вкупно** | 6.885.000.000,00“ |

II

Во дел II во воведната реченица износот „3.564.900.000,00“ се заменува со износот „1.760.000.000,00“.

III

Во дел III во воведната реченица износот „2.205.600.000,00“ се заменува со износот „205.600.000,00“.

IV

Во дел IV во воведната реченица износот „35.000.000,00“ се заменува со износот „24.500.000,00“.

V

По делот VII се додава нов дел VII-а кој гласи:

„VII-а

Средствата од дел I мерка 7 на оваа програма во износ од 50.000.000,00 денари се наменети за помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани во висина од 30 % од загубите на земјоделски растенија и животни, како и за штети на стакленици и пластеници предизвикани од неповолни временски настани утврдени согласно член 99 од Законот за земјоделство и рурален развој.“.

VI

Во дел VIII зборовите „мерка 7“ се заменуваат со зборовите „мерка 8“.

VII

Во дел IX зборовите „мерка 8“ се заменуваат со зборовите „мерка 9“.

Износот „900.000.000,00“ се заменува со износот „4.664.900.000,00“.

VIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.41-1942/1
12 март 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.